# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ТАКСИ

**Службен весник на Р. Македонија бр.88/08 од 16.07.2008 година**

**Член 1**

Во Законот за административните такси ("Службен весник на РМ", број 17/93, 20/96, 7/98, 13/2001, 24/2003, 19/2004, 61/2004, 95/2005 и 92/2007), во членот 6 по точката 3 се додава нова точка 4, која гласи:

"4) решенија, дозволи и други исправи во моментот на издавање на истите, и за поднесоците за нивно издавање кога се поднесуваат во електронски облик."

**Член 2**

Во членот 12 став 1 по зборот "странката" се додава запирка и зборовите "освен поднесоците од членот 6 став 1 точка 4 на овој закон."

**Член 3**

Во членот 26 ставовите 1 и 2 се менуваат и гласат:

"1) Кај органите на државната управа таксите се плаќаат во таксени вредносници (административни таксени марки) во износ до 200 денари, а над овој износ се плаќаат во готови пари на соодветна уплатна сметка во рамки на трезорската сметка.

2) Таксата за поднесоците кои се поднесуваат во електронски облик се плаќа во готови пари исклучиво на соодветна уплатна сметка во рамки на трезорската сметка."

**Член 4**

Во членот 37, во Тарифата на административните такси, се вршат следните изменувања и дополнувања:

1. По тарифниот број 4 се додаваат два нови тарифни броја 4-а и 4-б кои гласат:

**"Тарифен број 4-а**

Решение за утврдување на државјанство на Република Македонија 150".

**Тарифен број 4-б**

Решение за дополнителни запишувања и исправки во матичните книги 150".

2. Во тарифниот број 7 во точка 1. потточка а) бројот: "250" се заменува со бројот "150", во потточка б) бројот "500" се заменува со бројот "250", во потточка г) бројот "500" се заменува со бројот "250", во потточка д) бројот "1.000" се заменува со бројот "250", во потточка ѓ) бројот "500" се заменува со бројот "250", во потточка е) бројот "1.000" се заменува со бројот "250" и во потточка ж) бројот "100" се заменува со бројот "50".

3. Во тарифниот број 9 по точката 3 се додаваат четири нови точки 4, 5, 6 и 7 кои гласат:

4. за регистрирање на оружје 200
5. за дозвола за колекционерско оружје 300
6. за издавање на одобрение за набавување на колекционерско оружје 200
7. за издавање на потврда за оружје од Д категорија 200".

Точките 4, 5, 6, 7, 8, 9,10 и 11 стануваат точки 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14 и 15.

4. Во Тарифниот број 10 во точка 2 бројот "200" се заменува со бројот "100".

5. Во Тарифниот број 16 во ставот 1 по зборот "на" се додава зборот "годишна", а бројот "600" се заменува со бројот "300". По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

"3) За издавање на месечна ЦЕМТ дозвола за меѓународен превоз на стока за домашен превозник по секоја дозвола 500.

Ставовите 3, 4 и 5 стануваат ставови 4, 5 и 6.

6. По Тарифниот број 33-е се додава нов тарифен број 33-ж кој гласи:

**"Тарифен број 33-ж**

За барање за добивање дозвола за трговија со неопасен отпад 50

За дозвола за трговија со неопасен отпад 15.000

За Решението по барање за обновување на дозвола за трговија со неопасен отпад 5.000".

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".